АУТОМАКЕДОНИЈА

# XXIX -ТА СЕДНИЦА

# НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

# НА

# АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

**Скопје, мај 2026 година**

АУТОМАКЕДОНИЈА

# СОДРЖИНА


ДНЕВЕН РЕД за дваесет и деветта седница на собранието на акционерите на Аутомакедонија АД Скопје за ден 28.05.2026 година .................................................... 4

Записник од XXVIII -та седница на Собранието на акционерите на Аутомакедонија АД Скопје одржана на 29.05.2025 година ............................................................................ 6

Одлука за усвојување на Записникот од XXVIII-та седница на Собранието на акционери на Аутомакедонија АД Скопје одржана на 29.05.2025 година .................... 14

Извештај од независниот ревизор ...................................................................... 16

Одлука за усвојување на Извештајот за извршената ревизија на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Аутомакедонија АД Скопје за 2025 година, поединечни и консолидирани ........................................................................................................ 35

Годишна сметка за 2025 година (преглед) ....................................................................... 37

Одлука за усвојување на Годишната сметка на Аутомакедонија АД Скопје за деловната 2025 година ............................................................................................ 44

Консолидирана годишна сметка за 2025 година (преглед) ........................................... 46

Одлука за усвојување на Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за деловната 2025 година ............................................................ 52

Одлука за распределба на добивката по Годишната сметка за 2025 година ................ 54

Годишен извештај за работењето на Аутомакедонија АД Скопје за деловната 2025 година ........................................................................................................................ 56

Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Аутомакедонија АД Скопје за деловната 2025 година ............................................................................................ 95

Извештај за работењето на Управниот одбор и Надзорниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје за 2025 година ........................................................................ 97

Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје за 2025 година ........................................................................ 103

Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје за 2025 година ........................................................................ 104

Извештај за работата на Внатрешната ревизија за 2025 година и План за 2026 година 105

Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Внатрешната ревизија за деловната 2025 година и усвојување на Планот за внатрешна ревизија за 2026 година ........................................................................................................................ 125

Одлука за именување на ревизор на Годишната сметка на Аутомакедонија АД 127

Скопје и ревизор за консолидираната годишна сметка за тековната 2026 година .......
Одлука за одобрување на продажба на сопствени акции ............................................... 129

АУТОМАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 384. од Законот за трговските друштва и член 36. од Статутот на друштвото Аутомакедонија АД Скопје

**С В И К У В А**
**ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИТЕ**
**НА ”АУТОМАКЕДОНИЈА” АД СКОПЈЕ ЗА ДЕН 28.05.2026 г.**
**СО ПОЧЕТОК ВО 13.00 ЧАСОТ**

Собранието ќе се одржи во салата на деловниот објект на Аутомакедонија АД Скопје, кој се наоѓа на улица 16-та “Македонска бригада” бр. 2, нас. Автокоманда, Скопје.

За седницата се предлага следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

**I. Процедурален дел**

**1.** Избор на претседавач на Собранието и бројачи на гласови.

**II. Работен дел**

**1. Усвојување на Записник од претходната седница на Собранието на акционерите на "Аутомакедонија" АД Скопје.**

**2. Извештај за извршена ревизија за Годишна сметка и финансиски извештаи за Аутомакедонија АД Скопје за 2025 година, поединечен и консолидиран**

- Одлука за усвојување на Извештајот од ревизорите за годишната сметка и финансиските извештаи на Аутомакедонија АД за 2025 година, поединечен и консолидиран

**3. Годишна сметка за Аутомакедонија АД Скопје за 2025 година**

- Поединечна годишна сметка и финансиски извештаи
- Одлука за усвојување на годишна сметка на Аутомакедонија АД

**4. Консолидирана годишна сметка за Аутомакедонија АД Скопје за 2025 година**

- Консолидирана годишна сметка и финансиски извештаи
- Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка на Аутомакедонија АД

**5. Одлука за распределба на добивката по Годишна сметка за 2025 година**

**6. Годишен извештај за работењето на Аутомакедонија АД за 2025 година**

- Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за Аутомакедонија АД за 2025 година

**7. Одобрување на работата на Управниот и Надзорниот Одбор на Аутомакедонија АД за 2025 година**

- Извештај за работењето на Управниот Одбор на Аутомакедонија АД за 2025
- Извештај за работењето на Надзорниот Одбор на Аутомакедонија АД за 2025
- Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот Одбор на Аутомакедонија АД за 2025 г
- Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот Одбор на Аутомакедонија АД за 2025 г

**8. Годишен извештај за работата на Внатрешната Ревизија за 2025 година и План за 2026 година**

- Одлука за усвојување на извештајот за работењето на Внатрешната Ревизија за 2025 година и План за 2026 година

**9. Одлука за именување на ревизор на Годишната сметка и Консолидирана Годишна сметка и финансиски извештаи за 2026 година**

**10. Одлука за одобрување на продажба на сопствени акции**

Вкупниот број на акции на денот на објавата во Аутомакедонија АД Скопје е 77.549 акции со право на глас и тоа една акција еден глас.

Секој акционер кој има намера да учествува во работата на Собранието на Друштвото должен е да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата.

Пријавите се доставуваат до Друштвото на ул. 16-та Македонска бригада број 2, нас. Автокоманда, Скопје или на емаил адреса automak@automakedonija.com.mk.

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како полномошник на седницата на Собранието на Друштвото што ќе учествува и гласа на седницата на Собранието во негово име.

Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета како да не го дал полномошното. Образецот на полномошното е достапен за превземање од интернет страницата на Друштвото.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва (Сл.весник на РМ бр.248/2018) полномошникот задолжително треба да ја извести Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давање на полномошното/ата од повеќе акционери во рок од 5 (пет) работни дена пред одржување на Собранието на акционери.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред, согласно Статутот и Законот за трговските друштва.

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки, доставени во писмена форма (до Управниот одбор) со приложено образложение за предложената точка , како и да предложат усвојување на одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред, а сето тоа во рок од 8 дена од денот на објавување на јавниот повик за одржување на седницата на Собранието.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата Собранието на Друштвото.

Одговорите на поставените прашања за седницата на Собранието, Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница, согласно закон.

Материјалите за Собранието на Друштвото и дополнителни информации согласно Законот за трговските друштва им се достапни на акционерите од денот на објавување на овој повик, секој работен ден во седиштето на друштвото од 12:00-15:00 часот и на официјалната интернет страница на Друштвото www.automakedonija.com.mk.

**АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**

# З А П И С Н И К
## од XXVIII -та седница на Собранието на акционерите на Аутомакедонија АД Скопје одржана на 29.05.2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**НОТАР**
**АНА ДОЈЧИНОВСКА**
За подрачјето на основните судови
на градот Скопје
Ул.Кеј 13-ти Ноември бр.2-2, кат2, ГТЦ



ОДУ број 1669/25
ИЗВОРНИК

Во Скопје, на 29.05.2025 (дваесет и девети мај две илјади и дваесет и петта) година
Во 11:00 (единаесет) часот

## НОТАРСКИ АКТ

Јас **Нотар Ана Дојчиновска** од Скопје, со службено седиште на ул. Кеј 13-ти Ноември бр. 2-2 кат 2, ГТЦ Скопје, потврдувам дека денес 29.05.2025 (дваесет и девети мај две илјади и дваесет и петта) година на Покана од **Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје**, со ЕМБС 4058097, да присуствувам на седница на Собрание на акционери на ден 29.05.2025 (дваесет и девети мај две илјади и дваесет и петта) година, со почеток во 11:00 (единаесет) часот, на ул. 16-та Македонска Бригада бр. 2, Скопје, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријат и член 384, 385, 386 и 407 од Законот за трговски друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврдам Одлуки на Собрание на друштвото, поради што го сочинив следниот---------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------**ЗАПИСНИК**-----------------------------------------------------

------------------------------од седница на Собрание на акционери на ---------------------------------------

**-------Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје,---------**

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред почетокот на Собранието на друштвото на мое барање ми беа предочени:-----------------

Тековна состојба на **Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје**, со седиште на ул. 16-та Македонска Бригада бр. 2, Скопје, со **ЕМБС** 4058097, издадена од Централен Регистар на РСМ на ден 29.05.2025 година, под деловоден број 0805-50/150020250206702 (прилог на овој записник).----------------------------------------------------

Акционерска Книга на Друштвото на ден 28.05.2025 (дваесет и осми мај две илјади и дваесет и петта) година од Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје, која се води под ISIN: MKAUMK101016 (прилог на овој записник), од која утврдив дека Издавачот **Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје**, издало акции и тоа: Вид: Обични акции; Номинална вредност по ХВ: 44,48 EUR; Вкупен број на ХВ: 82.529; Вкупен номинален капитал: 3670889.92 EUR; Број на гласови: 77.549, Состојба: Активен; Број на иматели: 202; Број на сопственички позиции: 202.---------------------------------------------------

Јавен повик објавен во дневното гласило: "Слободен печат", објавен на 29.04.2025 година со кои се повикуваат акционерите да присуствуваат на собранието кое е закажано за 29.05.2025 година со следниот дневен ред (прилог на овој записник) ----------------------

Утврдив дека на седницата на Собранието се присутни акционерите: --------------------------------

Иванка Мојсова преку полномошник Виктор Кузмановски со вкупно 18.550 акции со право на глас во Собранието -------------------------------------------------------------------------------------

Кузмановски Виктор со вкупно 486 акции со право на глас во Собранието ------------------------
Јаневска Драгана преку полномошник Јелена Каранфилова со вкупно 5.595 акции со право на глас во Собранието ------------------------------------------------------------------
Јаневски Кирило преку полномошник Јелена Каранфилова со вкупно 5.596 акции со право на глас во Собранието ----------------------------------------------------------------------
Илиевски Игор со вкупно 1.602 акции со право на глас во Собранието ----------------------------
Штерјева Гордица со вкупно 1.530 акции со право на глас во Собранието -------------------------
Друштво за инженеринг и услуги М-6 Еден ДОО Скопје преку полномошник Мартин Мијовски со вкупно 3.799 акции со право на глас во Собранието ----------------------------------------
Јаневски Јане преку полномошник Адвокат Антонио Велкоски со вкупно 5.596 акции со право на глас во Собранието ------------------------------------------------------------------
Ивановски Милан преку полномошник Миле Бундовски со вкупно 12.101 акции со право на глас во Собранието ---------------------------------------------------------------------
Друштво за трговија, промет производство и услуги СКОПСКО ГРУП ДООЕЛ Кавадарци преку полномошник Миле Бундовски со вкупно 4.205 акции со право на глас во Собранието -
Мирјана Јанкуловска со вкупно 10 акции со право на глас во Собранието--------------------------
На седницата на собранието покрај акционерите присутни се: претставници од Друштвото Мур Стивенс ДОО Скопје и вработени во Друштвото -----------------------------------------
Седницата на Собранието започна во 11:00 (единаесет) часот.--------------------------------------
Од наведениот список, по неговата верификација утврдив дека на седницата на Собранието се присутни акционери и полномошници на акционери со вкупен број на гласови 59.070, што претставува 76,1 % од вкупниот број на акции (77.549) со право на глас во Собранието-------
Список на присутни акционери со број на акции-прилог.------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------

Г-дин Антонио Велкоски по овластување на Претседавачот од последното одржано Собрание Бети Недева, ја отвори седницата и констатираше дека Собранието го има потребниот кворум за работа и за донесување полноважни одлуки бидејќи од вкупниот број на акции со право на глас и тоа 77.549 акции, присутни се акционерите и полномошниците на акционерите со вкупен број на гласови 59.070, што преставува 76,1% од вкупниот број на акции со право на глас во Собранието на Друштвото. -------------------------------------------------------------
Со оглед дека до одржувањето на Собранието не е поднесен предлог за изменување и дополнување на дневниот ред, како претседавач со претходната седница на собранието на акционери, Г-дин Антонио Велкоски ја отвори оваа седница на Собранието и утврди дека Собранието ќе работи и одлучува по предложениот и објавен за работа на Собранието, па го предложи на усвојување следниот-------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------- **ДНЕВЕН РЕД**--------------------------------------------

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**----------------------------------------------------------------------------

**1.Избор на претседавач на Собранието и бројачи на гласови.**-----------------------------------

**II. РАБОТЕН ДЕЛ** ----------------------------------------------------------------------------------

**1.Усвојување на Записник од претходната седница на Собранието на акционерите на "Аутомакедонија" АД Скопје.** ----------------------------------------------------------------------

**2.Извештај за извршена ревизија за Годишна сметка и финансиски извештаи за Аутомакедонија АД Скопје за 2024 г., поединечен и консолидиран.** ----------------------------

**- Одлука за усвојување на Извештајот од ревизорите за годишната сметка и финансиските извештаи на Аутомакедонија АД за 2024 година, поединечен и**

консолидиран. ---
3.Годишна сметка за Аутомакедонија АД Скопје за 2024 г.---
- Поединечна годишна сметка и финансиски извештаи за Аутомакедонија АД Скопје. ---
- Одлука за усвојување на годишна сметка на Аутомакедонија АД Скопје. ---
4.Консолидирана годишна сметка за Аутомакедонија АД Скопје за 2024 година.---
- Консолидирана годишна сметка и финансиски извештаи за Аутомакедонија АД Скопје.---
-Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка на Аутомакедонија АД Скопје.---
5.Одлука за распределба на добивката по Годишна сметка.---
-6.Годишен извештај за работењето на Аутомакедонија АД за 2024 г.---
- Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за Аутомакедонија АД за 2024 година.--
7.Одобрување на работата на Управниот и Надзорниот Одбор на Аутомакедонија АД за 2024 година.---
- Извештај за работењето на Управниот Одбор на Аутомакедонија АД за 2024 година.---
- Извештај за работењето на Надзорниот Одбор на Аутомакедонија АД за 2024 година. ---
- Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот Одбор на Аутомакедонија АД за 2024 г. ---
- Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот Одбор на Аутомакедонија АД за 2024 г.---
8.Годишен извештај за работата на Внатрешната Ревизија за 2024 година и План за 2025 година ---
- Одлука за усвојување на извештајот за работењето на Внатрешната Ревизија за 2024 година и План за 2025 година. ---
9.Одлука за именување на ревизор на Годишната сметка и Консолидирана Годишна сметка и финансиски извештаи за 2025 година.---
10. Одлука за одобрување на продажба на сопствени акции. ---
11. Одлука за продажба на имот на Аутомакедонија АД.---
Собранието едногласно со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА го усвои предложениот дневен ред. ---
Се премина на Процедуралниот дел од Дневниот ред---

I. **ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**---

1. **Избор на претседавач на Собранието и бројачи на гласови** ---
Г-дин Антонио Велкоски формално го отвори Собранието на акционери на друштвото и премина на точка 1 од Процедуралниот дел од Дневниот ред- **Избор на претседавач на Собранието и бројачи на гласови** ---
Г-дин Миле Бундовски го предложи Г-дин Антонио Велкоски за Претседавач на Собранието на акционери. Бидејќи други предлози немаше, Г-дин Антонио Велкоски го стави предлогот на гласање ---
Собранието едногласно со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА го избра Г-дин Антонио Велкоски за Претседавач на Собранието на акционери. ---
Се констатира дека за Претседавач на Собранието на акционери е избран Г-дин Антонио Велкоски. Г-дин Антонио Велкоски се заблагодари за укажаната доверба.---
Претседавачот на собранието раководи со работата на седницата на собранието во согласност со Законот и Статутот.---
Избор на бројачи на гласови . ---
Г-дин Антонио Велкоски ја предложи Мирјана Јанкуловска за бројач на гласови. ---
Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА ги избра Мирјана Јанкуловска за бројач на гласови. ---
Избор на записничар ---

Претседавачот на Собранието истакна дека на оваа седница на Собранието е присутен Нотар Ана Дојчиновска од Скопје односно Помошник Нотар Косара Наумовска на Нотар Ана Дојчиновска, која ќе го води Записникот од оваа седница на Собранието.

**Се премина на II.Работен дел**

Претседавачот отвори дискусија по **првата** точка од работниот дел од дневниот ред:
**- Усвојување на Записник од претходната седница на Собранието на акционерите на "Аутомакедонија" АД Скопје од 27.05.2024 година.**
Претседавачот праша дали некој се јавува за збор.
Како никој не се јави за збор Претседавачот оваа точка од дневниот ред ја стави на гласање. Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, **го усвои Записникот од претходната седница на Собранието на акционерите на "Аутомакедонија" АД Скопје од 27.05.2024 година.**
**Прилог Одлука**

Претседавачот отвори дискусија по **втората** точка од работниот дел од дневниот ред:
**- Извештај за извршена ревизија за Годишна сметка и финансиски извештаи за Аутомакедонија АД Скопје за 2024 г., поединечен и консолидиран.**
Претседавачот праша дали некој се јавува за збор.
Кратко излагање по однос на оваа точка од дневиот ред даде присутниот претставник од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје.
Претседавачот праша дали некој друг се јавува за збор.
Како никој не се јави за збор Претседавачот оваа точка од дневниот ред ја стави на гласање. Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, го усвои **Извештајот за извршена ревизија за Годишна сметка и финансиски извештаи за Аутомакедонија АД Скопје за 2024 г., поединечен и консолидиран**
**Прилог Одлука**

Претседавачот отвори дискусија по **третата** точка од работниот дел од дневниот ред:
**Годишна сметка за Аутомакедонија АД Скопје за 2023 г.**
**-Поединечна годишна сметка и финансиски извештаи за Аутомакедонија АД Скопје.**
Претседавачот праша дали некој се јавува за збор.
Како никој не се јави за збор Претседавачот оваа точка од дневниот ред ја стави на гласање. Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, ја усвои **Годишната сметка за Аутомакедонија АД Скопје за 2024 г.**
**-Поединечна годишна сметка и финансиски извештаи за Аутомакедонија АД Скопје.**
**Прилог Одлука**

Претседавачот отвори дискусија по **четвртата** точка од работниот дел од дневниот ред:
**Консолидирана годишна сметка за Аутомакедонија АД Скопје за 2024 година.**
**Консолидирана годишна сметка и финансиски извештаи за Аутомакедонија АД Скопје.**
Претседавачот праша дали некој се јавува за збор.

Како никој не се јави за збор Претседавачот оваа точка од дневниот ред ја стави на гласање. Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, ја усвои **Консолидираната годишна сметка за Аутомакедонија АД Скопје за 2024 година.-----------------**
**Консолидираната годишна сметка и финансиски извештаи за Аутомакедонија АД Скопје.----------**
**Прилог Одлука** --------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија по **петтата** точка од работниот дел од дневниот ред:---------
**Донесување Одлука за распределба на добивката по Годишна сметка за 2024 г.-----------**
Претседавачот праша дали некој се јавува за збор.--------------------------------------------------
Како никој не се јави за збор,Претседавачот оваа точка од дневниот ред ја стави на гласање. Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, ја донесе **Одлуката за распределба на добивката по Годишна сметка за 2024 г.---------------------------**
**Прилог Одлука** --------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија по **шестата** точка од работниот дел од дневниот ред:---------
**Годишен извештај за работењето на Аутомакедонија АД за 2024 г.----------------------------**
Претседавачот праша дали некој се јавува за збор.--------------------------------------------------
Како никој не се јави за збор Претседавачот оваа точка од дневниот ред ја стави на гласање. Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, го усвои **Годишниот извештај за работењето на Аутомакедонија АД за 2024 г.---------------------------**
**Прилог Одлука** --------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија по **седмата** точка од работниот дел од дневниот ред:---------
**Одобрување на работата на Управниот и Надзорниот Одбор на Аутомакедонија АД за 2023 година.--------------------------------------------------------------------------------**
Претседавачот истакна дека за донесување на оваа Одлука потребно е поединечно да се гласа за секој од членовите на Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото. -----------------
Претседавачот праша дали некој се јавува за збор.--------------------------------------------------
Како никој не се јави за збор Претседавачот оваа точка од дневниот ред ја стави на гласање. Се премина кон поединечно гласање за секој од членовите на Управниот и Надзорниот одбор на друштвото. --------------------------------------------------------------------------------
Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, го одобри работењето на Јане Јаневски претседател на Управниот одбор. -----------------------------------
Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, го одобри работењето на Кастриот Арифи член на Управниот одбор. -------------------------------------------
Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, го одобри работењето на Милан Ивановски член на Управниот одбор. -----------------------------------------
Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, го одобри работењето на Игор Илиевски член на Управниот одбор и Генерален директор на Друштвото
Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, го одобри работењето на Џон Кирил Јоновски член на Управниот одбор за времетраење на мандатот. -
Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, го одобри работењето на Филип Мојсовски член на Надзорниот одбор. ------------------------------------------
Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, го одобри работењето на Искра Клинкарова независен член на Надзорниот одбор. -------------------------

Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, го одобри работењето на Панче Нефтенов Претседател на Надзорниот одбор. ---------------------------------
Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, го одобри работењето на Кристијан Поленак независен член на Надзорниот одбор. -------------------------
Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, го одобри работењето на Гордица Штерјева член на Надзорниот одбор. -------------------------------------------
Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, ја одобри **работата на Управниот и Надзорниот Одбор на Аутомакедонија АД за 2024 година.-------**
**Прилог Одлука** ------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија по **осмата** точка од работниот дел од дневниот ред:-----------
**Годишен извештај за работата на Внатрешната Ревизија за 2024 година и План за 2025 година.** ------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот праша дали некој се јавува за збор.--------------------------------------------------
Како никој не се јави за збор Претседавачот оваа точка од дневниот ред ја стави на гласање.
Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, го усвои **Годишниот извештај за работата на Внатрешната Ревизија за 2024 година и План за 2025 година.**----------------------------------------------------------------------------------------
**Прилог Одлука** ------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија по **деветата** точка од работниот дел од дневниот ред:--------
**Донесување Одлука за именување на ревизор на Годишната сметка и Консолидирана Годишна сметка и финансиски извештаи за 2025 година.**---------------------------------------------
Претседавачот на собранието појасни дека за ревизор на Годишната сметка и Консолидирана Годишна сметка и финансиски извештаи за 2025 година е предложено Друштвото МУР СТИВЕНС ДОО Скопје. Праша дали има други предлози. Други предлози не беа дадени. ---------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот праша дали некој се јавува за збор.--------------------------------------------------
Се јави за збор акционерот Гордица Штерјева и предложи за ревизор да се избере Друштвото Мур Стивенс ДОО Скопје.------------------------------------------------------------------
Претседавачот оваа точка од дневниот ред ја стави на гласање.-----------------------------------
Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, го избра **Друштвото МУР СТИВЕНС ДОО Скопје за ревизор на Годишната сметка и Консолидирана Годишна сметка и финансиски извештаи за 2025 година.**---------------------
**Прилог Одлука** ------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија по десетата точка од работниот дел од дневниот ред:--------
**Донесување Одлука за одобрување на продажба на сопствени акции**------------------------
Претседавачот праша дали некој се јавува за збор.--------------------------------------------------
Како никој не се јави за збор Претседавачот оваа точка од дневниот ред ја стави на гласање.
Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, ја донесе **Одлуката за одобрување на продажба сопствени акции**-------------------------------------------
**Прилог Одлука** ------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија по единаесетата точка од работниот дел од дневниот ред:-
**Одлука за продажба на имот на Аутомакедонија АД** ---------------------------------------------

Страна 7 од 7 ОДУ број 1669/25
ИЗВОРНИК

Претседавачот праша дали некој се јавува за збор.---
Како никој не се јави за збор Претседавачот оваа точка од дневниот ред ја стави на гласање. Собранието со 59.070 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, ја донесе **Одлуката за продажба на имот на Аутомакедонија АД** ---
**Прилог Одлука** ---

По исцрпувањето на сите точки од дневниот ред, Претседавачот праша дали некој се јавува за збор и бидејќи никој не се јави за збор констатира дека сите точки од денешното собрание се исцрпени и се заблагодари на присутните за нивното присуство.---
Седницата на собранието заврши во 11,20 часот.---
Потврдувам дека овој записник лично го составив на 7 (седум) страници од 7 (седум) листа, го следев целокупниот тек на седницата на Собранието на акционери и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на седницата на Собранието на акционери, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуките, за што Претседавачот на Собранието кој раководеше со седницата на Собранието потврди дека неговата содржина одговара на фактичката состојба, па во знак на прифаќање и согласност со неговата содржина своерачно го потпиша.---
Претседавач на седница на Собрание на акционери на **Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје** ---

Г-дин Антонио Велкоски Антонио Велкоски

При составувањето на овој нотарски акт-Записник се издадени изводи за потребите на **Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје**, а изворникот се чува во архивот на нотарот.---
Нотарската награда по член 41 и 54 од Нотарска тарифа е пресметана во износ од 12.000,00 денари.---
**ОДУ бр. 1669/24**---
Скопје, 29.05.2025 (дваесет и деветти мај две илјади и дваесет и петта) година ---

НОТАР
АНА ДОЈЧИНОВСКА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОМОШНИК - НОТАР
КОСАРА НАУМОВСКА
за подрачјето на основните судови на градот Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
АНА ДОЈЧИНОВСКА
СКОПЈЕ

**ПРЕДЛОГ**

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Записникот од XXVIII–та седница на Собранието на акционери на “Аутомакедонија” А.Д. Скопје одржана на 29.05.2025 година**

Врз основа на член 383. од Законот за трговските друштва и член 35. од Статутот на "Аутомакедонија" АД Скопје, Собранието на акционерите на "Аутомакедонија" АД Скопје на XXIX -та седница одржана на ден 28.05.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Записникот од Собранието од 29.05.2025 година**

Член 1.

Се усвојува Записникот на Собранието на акционери на "Аутомакедонија" АД Скопје одржана на 29.05.2025 година, во се како во текстот на Записникот.

Член 2.
Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Одлука бр. _________________/ 28.05.2026 година

**"АУТОМАКЕДОНИЈА" АД СКОПЈЕ**
**СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

# И З В Е Ш Т А Ј
## од независниот ревизор

MOORE

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**

## Извештај за ревизијата на финансиските извештаи

*Мислење*

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје (Друштвото), кои го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба на ден 31 декември 2025, како и Билансот на успех, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината што тогаш завршува, како и белешките кон финансиските извештаи, вклучувајќи и резиме на значајните сметководствени политики.

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на Друштвото објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото на ден 31 декември 2025 година, како и нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината што тогаш завршува, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) кои се во примена во Република Северна Македонија.

*Основа за мислење*

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија (МСР). Нашите одговорности според тие стандарди се понатаму опишани во делот „Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи" од овој извештај. Ние сме независни од Друштвото во согласност со Меѓународниот кодекс на етика за професионални сметководители (вклучувајќи ги Меѓународните стандарди за независност) на Одборот за меѓународни стандарди за етика на сметководители (ОМСЕС / IESBA) кој е во примена во Република Северна Македонија, како што е применливо за ревизии на финансиски извештаи на ентитети од јавен интерес, и ги исполнивме и нашите други етички одговорности во согласност со Кодексот на ОМСЕС / IESBA.

Веруваме дека ревизорските докази што ги прибавивме се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

*Клучни ревизорски прашања*

Клучни ревизорски прашања се оние прашања кои, според нашето професионално расудување, беа од најголема значајност во нашата ревизија на финансиските извештаи за тековниот период. Овие прашања беа разгледани во контекст на нашата ревизија на финансиските извештаи како целина и при формирање на нашето мислење за нив и ние не обезбедуваме посебно мислење за овие прашања. Врз основа на извршената ревизија, не идентификувавме клучни ревизорски прашања кои, согласно нашето професионално расудување, би требало да бидат соопштени во овој извештај.

MOORE

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА
АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**

*Други информации*

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се состојат од информации вклучени во годишната сметка и годишниот извештај на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2025 година, но не ги вклучуваат финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај за нив.

Нашето мислење за финансиските извештаи не ги покрива другите информации и, соодветно, не изразуваме каква било форма на уверување во однос на нив.

Во врска со нашата ревизија на финансиските извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме другите информации и, притоа, да разгледаме дали другите информации се материјално неконзистентни со финансиските извештаи или со нашето знаење прибавено во ревизијата или, поинаку, произлегува дека се материјално погрешно прикажани.

Ако, врз основа на извршената работа, заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување на овие други информации, должни сме да известиме за тој факт. Ние немаме ништо да известиме во однос на ова прашање.

*Одговорности на раководството и оние кои се задолжени за управувањето за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготовка и објективна презентација на финансиските извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) кои се во примена во Република Северна Македонија, како и за воспоставување на такви внатрешни контроли какви што ќе оцени дека се неопходни за да овозможат подготовка на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали е поради измама или грешка.

При подготовката на финансиските извештаи, раководството е одговорно да ја процени способноста на Друштвото да продолжи да работи врз претпоставката за континуитет, да обелодени, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и да ја користи основата на континуитет, освен ако раководството има намера да ја ликвидира Друштвото или да го прекине работењето, или ако нема реална алтернатива освен тоа.

Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надзор над процесот на финансиско известување на Друштвото.

MOORE

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**

*Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи*

Нашите цели се да добиеме разумно уверување дали финансиските извештаи, како целина, се ослободени од материјални погрешни прикажувања, без разлика дали е поради измама или грешка, и да издадеме ревизорски извештај кој го вклучува нашето мислење. Разумното уверување претставува високо ниво на уверување, но не е гаранција дека ревизија спроведена во согласност со МСР секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога такво постои. Погрешните прикажувања може да произлезат од измама или грешка и се сметаат за материјални ако, поединечно или во агрегат, би можеле разумно да се очекува да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата согласно МСР, ние применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Идентификуваме и проценуваме ризици од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е поради измама или грешка; дизајнираме и спроведуваме ревизорски постапки како одговор на тие ризици и прибавуваме доволни и соодветни ревизорски докази како основа за нашето мислење. Ризикот да не се открие материјално погрешно прикажување што произлегува од измама е повисок од оној што произлегува од грешка, бидејќи измамата може да вклучува заговор, фалсификат, намерни грешки, погрешни прикажувања или заобиколување на внатрешните контроли.

- Прибавуваме разбирање за внатрешната контрола релевантна за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски постапки кои се соодветни во дадените околности, но не со цел да изразиме мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото.

- Вршиме оценка за соодветноста на применетите сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и релевантните обелоденувања што ги направило раководството.

- Врз основа на прибавените ревизорски докази носиме заклучок за соодветноста на употребата на основата на континуитет од страна на раководството, дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или околности кои можат да предизвикаат значаен сомнеж во способноста на Друштвото да продолжи со работење врз основа на претпоставката за континуитет. Ако заклучиме дека постои материјална неизвесност, должни сме да го привлечеме вниманието во нашиот ревизорски извештај кон релевантните обелоденувања во финансиските извештаи или, доколку таквите обелоденувања се неадекватни, да го

MOORE

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**

модифицираме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашиот ревизорски извештај; меѓутоа, идни настани или околности можат да доведат до тоа Друштвото да не може да продолжи со континуитет.

- Вршиме оценка на вкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата, и дали тие ги претставуваат основните трансакции и настани на начин што постигнува објективна презентација.

Комуницираме со оние кои се задолжени за управувањето за, меѓу другото, планираниот делокруг и временскиот распоред на ревизијата и значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги и значајните недостатоци во внатрешната контрола што ги идентификуваме за време на ревизијата.

Исто така, им доставуваме на оние кои се задолжени за управувањето изјава дека се придржуваме до релевантните етички барања во однос на независноста и им ги комуницираме сите односи и други прашања кои би можеле разумно да се сметаат дека влијаат на нашата независност, и, каде што е применливо, дејствијата преземени за елиминирање на заканите или применетите заштитни мерки.

Од прашањата кои беа комуницирани со оние кои се задолжени за управувањето, ги утврдуваме оние кои беа од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и, соодветно, се клучни ревизорски прашања. Овие прашања ги опишуваме во нашиот ревизорски извештај, освен кога закон или регулатива го забранува јавното обелоденување на прашањето или кога, во исклучително ретки околности, заклучуваме дека прашањето не треба да биде комуницирано во нашиот извештај, бидејќи би било разумно да се очекува дека негативните последици од таквото комуницирање би ги надминале придобивките за јавниот интерес.

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

Како што е наведено во пасусот Други информации, раководството на Друштвото е одговорно за подготвување на годишниот извештај за работата за 2025 година во согласност со член 384/240 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на посебниот годишен извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025, во согласност со меѓународните стандарди за ревизија, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

MOORE

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Аутомакедонија АД Скопје со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година.

Скопје, 24 април 2026 година

| **Овластен ревизор** | **Управител** |
|---|---|
| Костадинка Китаноска | Антонио Велјанов |

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

5

АУТОМАКЕДОНИЈА АД - Скопје
**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА за годината која завршува на 31 декември**

| | Белешка | 2025 (000) МКД | 2024 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 8 | 443.665 | 654.653 |
| Останати оперативни приходи | 9 | 32.709 | 10.927 |
| Набавна вредност на продадени стоки | 10 | (353.613) | (514.520) |
| Трошоци за вработени | 11 | (33.597) | (62.569) |
| Расход за амортизација | 18,19 | (16.383) | (14.625) |
| Останати оперативни расходи | 12 | (39.643) | (54.116) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА** | | **33.138** | **19.750** |
| Приходи од финансирање | 13 | 938 | 453 |
| Добивки од вложувања | 20 | 4.000 | 18.038 |
| Расходи од финансирање | 14 | (6.376) | (9.192) |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **31.700** | **29.049** |
| Данок од добивка | 15 | (658) | - |
| **НЕТО ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ** | | **31.042** | **29.049** |
| **Друга сеопфатна добивка:** | | | |
| Останата сеопфатна добивка | | - | - |
| **Вкупно друга сеопфатна добивка** | | - | - |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА** | | **31.042** | **29.049** |
| **Основна заработувачка по акција (во МКД)** | **17** | **400** | **375** |

Управниот Одбор на Аутомакедонија АД Скопје на ден 11.03.2026 ги одобрил овие финансиски извештаи за објавување и му ги предложил на Собранието на акционери заради нивно усвојување.

**Генерален Директор**
**Игор Илиевски**

Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје

**АУТОМАКЕДОНИЈА АД - Скопје**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА на ден 31 декември**

| | Белешка | 2025 (000) МКД | 2024 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 18 | 386.049 | 339.575 |
| Недвижности дадени под закуп | 19 | 89.145 | 78.046 |
| Нематеријални средства | | 527 | 637 |
| Вложувања во подружници | 20 | 10.232 | 10.232 |
| Долгорочни побарувања од купувачи | | - | 5.021 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **485.953** | **433.511** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 21 | 131.852 | 174.773 |
| Побарувања од купувачи | 22 | 176.944 | 169.747 |
| Побарувања за дадени аванси | 24 | 6.901 | 11.232 |
| Дадени позајмици и депозити | 23 | 14.105 | 13.247 |
| Останати тековни средства и АВР | 25 | 5.692 | 4.688 |
| Парични средства | 26 | 43.564 | 17.254 |
| **Вкупно тековни средства** | | **379.058** | **390.941** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **865.011** | **824.452** |
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | | |
| **Главнина** | | | |
| Акционерски капитал | 27 | 191.648 | 191.648 |
| Сопствени акции (-) | | (8.000) | (8.000) |
| Резерви | | 136.882 | 164.834 |
| Објективна вредност и останати резерви | 27 | (51.759) | (51.759) |
| Акумулирана добивка | | 160.970 | 101.976 |
| **Вкупно главнина** | | **429.741** | **398.699** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни кредити | 28 | 160.066 | 160.788 |
| Одложени приходи | 29 | 37.264 | 38.921 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **197.330** | **199.709** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 30 | 77.902 | 65.484 |
| Обврски за примени аванси | 31 | 228 | 4.939 |
| Краткорочни кредити и позајмици | 32 | 107.150 | 111.000 |
| Тековен дел на долгорочни кредити | 28 | 45.459 | 37.480 |
| Останати краткорочни обврски | 33 | 7.201 | 7.141 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **237.940** | **226.044** |
| **Вкупно обврски** | | **435.270** | **425.753** |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | **865.011** | **824.452** |

**АУТОМАКЕДОНИЈА АД - Скопје**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ за годината која завршува на 31 декември**

| | Бел. | 2025 (000) МКД | 2024 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | | |
| **ДОБИВКА (ЗАГУБА) ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **31.700** | **29.049** |
| **Усогласување за:** | | | |
| Амортизација на недвижности, постројки и опрема | 18 | 9.012 | 8.070 |
| Амортизација на недвижности дадени под закуп | 19 | 7.260 | 6.369 |
| Приходи од амортизација на одложени приходи | 9 | (1.741) | (1.393) |
| Отпис на побарувања | 12 | - | - |
| Расходи за камати | 14 | 6.230 | 8.692 |
| Капитална добивка од продажба на возила | 9 | (30.294) | - |
| **Добивка (загуба) пред промени во обртни средства** | | **22.167** | **50.787** |
| Побарувања од купувачи | | (2.092) | 23.905 |
| Останати тековни средства и АВР | | (1.498) | (833) |
| Побарувања за дадени аванси | | 4.331 | 6.431 |
| Залихи | | 42.921 | (43.735) |
| Обврски од добавувачи | | 12.418 | 25.230 |
| Обврски за примени аванси | | (4.711) | (761) |
| Останати тековни обврски и ПВР | | 177 | (274) |
| **Нето пари употребени во работењето** | | **73.713** | **60.750** |
| Платена камата | | (6.347) | (8.738) |
| Платен данок од добивка | | (163) | (1.426) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | | **67.203** | **50.586** |
| **Парични текови од вложувачки активности** | | | |
| Купување на основни средства | 18 | (75.639) | (119.571) |
| Продажби на основни средства | 18 | 32.197 | (1.308) |
| Дадени заеми | | (858) | (2.847) |
| Вложувања во подружници | 20 | - | (8.072) |
| **Нето парични текови од вложувачки активности** | | **(44.300)** | **(131.798)** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Искористени (отплатени) кредити | 27;31 | 3.407 | 83.390 |
| Исплатени дивиденди | | - | - |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | | **3.407** | **83.390** |
| **Нето зголемување (намалување) на парични средства** | | **26.310** | **2.178** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **26** | **17.254** | **15.076** |
| **Парични средства на крајот од годината** | **26** | **43.564** | **17.254** |

**АУТОМАКЕДОНИЈА АД - Скопје**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА за годината која завршува на 31 декември**

| | Обични акции | | Сопствени акции | | Резерви и реинвестирана добивка | Објективна вредност и останати резерви | Акумулирана добивка | Вкупно главнина |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции во број | Износ | Акции во број | Износ | | | | |
| **Во (000) МКД** | | | | | | | | |
| **Состојба на 1 јануари 2024** | **82.529** | **191.648** | **(4.980)** | **(8.000)** | **138.396** | **(51.759)** | **99.365** | **369.650** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | | | | | |
| Добивка за финансиската година | - | - | - | - | - | - | 29.049 | **29.049** |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | - | - | - | - | - | - | **29.049** | **29.049** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | | | | | |
| Распределба за законски резерви | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Распределба за реинвестирана добивка | - | - | - | - | 26.438 | - | (26.438) | - |
| Распределба за дивиденди за обични акции | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 31 декември 2024** | **82.529** | **191.648** | **(4.980)** | **(8.000)** | **164.834** | **(51.759)** | **101.976** | **398.699** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | | | | | |
| Добивка за финансиската година | - | - | - | - | - | - | 31.042 | **31.042** |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | - | - | - | - | - | - | **31.042** | **31.042** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | | | | | |
| Распределба за законски резерви | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Распределба за реинвестирана добивка | - | - | - | - | (27.952) | - | 27.952 | - |
| Распределба за дивиденди за обични акции | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вонредни расходи | | 0% | | 0% | | 0% | | 0% | | 0% | |
| **EBIT** | **128** | **2%** | **772** | **5%** | **1.300** | **5%** | **3.231** | **9%** | **10.343** | **17%** | **220%** |
| **EBITDA** | **4.030** | **58%** | **10.530** | **65%** | **18.212** | **65%** | **22.202** | **61%** | **37.138** | **60%** | **67%** |
| Финансиски приход | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 410 | 1% | 487 | 1% | |
| Финансиски расход | 43 | 1% | 0 | 0% | 453 | 2% | 3.312 | 9% | 9.123 | 15% | |
| Данок на добивка | 20 | 0% | 89 | 1% | 123 | 0% | 62 | 0% | 59 | 0% | |
| **НЕТО ДОБИВКА (NP)** | **65** | **1%** | **683** | **4%** | **723** | **3%** | **267** | **1%** | **1.647** | **3%** | **517%** |

autoUnion car rental

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА – АУТО 1 РЕНТ

| АУТО 1 РЕНТ<br>БИЛАНС НА СОСТОЈБА | FY 2021<br>000 МКД | FY 2022<br>000 МКД | FY 2023<br>000 МКД | FY 2024<br>000 МКД | FY 2025<br>000 МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | **34.914** | **61.236** | **87.953** | **171.226** | **231.978** |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | 32.911 | 52.164 | 74.727 | 142.296 | 201.430 |
| Недвижности, постројки и опрема | 32.911 | 52.164 | 74.727 | 141.371 | 200.504 |
| Нематеријални средства | 0 | 0 | 0 | 925 | 925 |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | 2.003 | 9.072 | 13.226 | 28.929 | 30.548 |
| Залихи | | | | | |
| Побарувања од купувачи | 167 | 3.846 | 6.388 | 6.457 | 11.628 |
| Побарувања за дадени аванси | | 1.047 | 730 | 45 | 37 |
| Останати тековни средства и АВР | 1.115 | 3.427 | 5.902 | 20.471 | 17.358 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 721 | 752 | 205 | 1.956 | 1.525 |
| | | | | | |
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | **34.918** | **61.234** | **87.952** | **171.225** | **231.978** |
| **ГЛАВНИНА** | -468 | 229 | 953 | 1.119 | 2.766 |
| Акционерски капитал (Основна главнина) | 310 | 310 | 310 | 310 | 310 |
| Резерви | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Добивка / загуба за тековната година | 65 | 683 | 723 | 267 | 1.647 |
| Пренесена загуба | | | -844 | -221 | 0 |
| Акумулирана добивка | -843 | -764 | 764 | 763 | 809 |
| **НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | 8.713 | 5.638 | 2.563 | 83.500 | 159.236 |
| Долгорочни кредити и обврски | 8.713 | 5.638 | 2.563 | 83.500 | 159.236 |
| Одложени приходи | | | | | |
| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | 26.674 | 55.368 | 84.437 | 86.607 | 69.976 |
| Обврски спрема добавувачи | 24.189 | 50.589 | 68.206 | 73.825 | 60.302 |
| Обврски за примени аванси | | 4.711 | 5.757 | 6.818 | 4.714 |
| Краткорочни кредити и позајмици | 14 | 68 | 10.419 | 5.943 | 3.565 |
| Останати краткорочни обврски | 2.471 | 0 | 55 | 22 | 1.394 |
| **ВКУПНИ ОБВРСКИ** | 35.386 | 61.006 | 86.999 | 170.107 | 229.212 |

# АМ БРОКЕР

Финансиски извештаи 2025

АМ БРОКЕР АД

# БИЛАНС НА УСПЕХ – АМ БРОКЕР АД

- Континуиран раст на приходи и во 2025 година до износ од 52,5 ММ МКД, раст од 20%.
- Остварен е раст на добивка од 15% преку фокус на квалитет на портфолиото без агресивно зголемување ризик.

| АМ БРОКЕР АД БИЛАНС НА УСПЕХ | FY 2021 | | FY 2022 | | FY 2023 | | FY 2024 | | FY 2025 | | 2025 vs 2024 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 000 МКД | % нср | 000 МКД | % нср | 000 МКД | % нср | 000 МКД | % нср | 000 МКД | % нср | |
| **ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА УСЛУГИ** | 31.016 | 100% | 40.315 | 100% | 46.089 | 100% | 43.858 | 100% | 52.650 | 100% | 20% |
| **Останати операт.приходи** | | | | | | | 2.778 | | 2.115 | | -24% |
| Трошоци за вработени | 7.859 | 25% | 9.073 | 23% | 10.692 | 23% | 12.597 | 29% | 13.847 | 26% | 10% |
| Оперативни трошоци (OPEX) | 15.480 | 50% | 22.776 | 56% | 26.913 | 58% | 26.809 | 61% | 32.770 | 62% | 22% |
| Амортизација | 320 | 1% | 416 | 1% | 391 | 1% | 349 | 1% | 285 | 1% | -18% |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | 23.659 | 76% | 32.264 | 80% | 37.995 | 82% | 39.756 | 91% | 46.902 | 89% | 18% |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА** | 7.356 | 24% | 8.051 | 20% | 8.093 | 18% | 6.881 | 16% | 7.864 | 15% | 14% |
| Приходи од дивиденди | | | | | | | | | | | |
| Вонредни расходи | -1.446 | | -2.664 | | -1.964 | | | | | | |
| **EBIT** | 5.910 | 19% | 5.387 | 13% | 6.129 | 13% | 6.881 | 16% | 7.864 | 15% | 14% |
| **EBITDA** | 6.231 | 20% | 5.803 | 14% | 6.520 | 14% | 7.230 | 16% | 8.149 | 15% | 13% |
| Финансиски приход | 0 | 0% | 0 | 0% | 504 | 1% | 176 | 0% | 66 | 0% | -63% |
| Финансиски расход | 0 | 0% | 0 | 0% | 29 | 0% | 21 | 0% | 42 | 0% | 97% |
| Данок на добивка | 535 | 2% | 921 | 2% | 775 | 2% | 1.149 | 3% | 1.146 | 2% | 0% |
| **НЕТО ДОБИВКА (NP)** | 5.375 | 17% | 4.466 | 11% | 5.829 | 13% | 5.887 | 13% | 6.742 | 13% | 15% |
| **НЕТО ПРОФИТНА МАРЖА** | 17,3% | | 11,1% | | 12,6% | | 13,4% | | 12,8% | | |

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА – АМ БРОКЕР АД

| АМ БРОКЕР АД БИЛАНС НА СОСТОЈБА Структура / опис | FY 2021 000 МКД | FY 2022 000 МКД | FY 2023 000 МКД | FY 2024 000 МКД | FY 2025 000 МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | **28.459** | **32.542** | **32.113** | **30.142** | **30.208** |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | 1.120 | 850 | 850 | 374 | 750 |
| Недвижности, постројки и опрема | 1.120 | 850 | 780 | 374 | 750 |
| Долгорочни побарувања од купувачи | | | | | |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | 27.339 | 31.692 | 31.263 | 29.769 | 29.458 |
| Залихи | | | | | |
| Побарувања од купувачи | 11.535 | 10.235 | 12.056 | 9.303 | 9.893 |
| Побарувања за дадени аванси | | | 15 | 0 | 12 |
| Останати тековни средства и АВР | 6.809 | 9.913 | 12.907 | 14.930 | 16.709 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 8.995 | 11.544 | 6.284 | 5.535 | 2.845 |
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | **28.459** | **32.543** | **32.112** | **30.142** | **30.208** |
| **ГЛАВНИНА** | 23.300 | 23.566 | 27.145 | 19.473 | 21.214 |
| Акционерски капитал | 3.075 | 3.075 | 3.075 | 3.075 | 3.075 |
| Резерви | 887 | 887 | 887 | 887 | 887 |
| Добивка за деловната година | 5.375 | 4.466 | 5.829 | 5.887 | 6.742 |
| Акумулирана добивка | 13.963 | 15.138 | 17.354 | 9.624 | 10.510 |
| **НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | 830 | 461 | 0 | 1.665 | 2.273 |
| Долгорочни кредити | 830 | 461 | 0 | 0 | 0 |
| Одложени приходи | | | | 1.665 | 2.273 |
| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | 4.329 | 8.516 | 4.967 | 9.005 | 6.721 |
| Обврски спрема добавувачи | 2.633 | 6.036 | 2.839 | 3.840 | 6.570 |
| Останати краткорочни обврски | 1.696 | 2.480 | 2.128 | 5.165 | 151 |
| **ВКУПНИ ОБВРСКИ** | 5.159 | 8.977 | 4.967 | 10.669 | 8.994 |

Финансиски извештаи 2025

# АУТОМАКЕДОНИЈА СЕРВИС дооел

# АУТОМАКЕДОНИЈА СЕРВИС - БИЛАНСИ

## БИЛАНС НА УСПЕХ

| АМ СЕРВИС АД БИЛАНС НА УСПЕХ | FY 2025 | |
|---|---|---|
| | 000 МКД | % нср |
| **ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА УСЛУГИ** | **88.617** | **100%** |
| Набавна вредност | 40.460 | 46% |
| **БРУТО РАЗЛИКА ВО ЦЕНА** | **48.157** | **54%** |
| Останати операт.приходи | 134 | 0% |
| Трошоци за вработени | 30.062 | 34% |
| Оперативни трошоци (OPEX) | 17.591 | 20% |
| Амортизација | 440 | 0% |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **48.094** | **54%** |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА** | **198** | **0%** |
| Приходи од дивиденди | | |
| Вонредни расходи | | |
| **EBIT** | **198** | **0%** |
| **EBITDA** | **638** | **1%** |
| Финансиски приход | 45 | 0% |
| Финансиски расход | 0 | 0% |
| Данок на добивка | | 0% |
| **НЕТО ДОБИВКА (NP)** | **242** | **0%** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| АМ СЕРВИС АД БИЛАНС НА СОСТОЈБА<br>Структура / опис | FY 2025<br>000 МКД |
|---|---|
| **СРЕДСТВА** | **54.582** |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | 3.302 |
| Недвижности, постројки и опрема | 3.302 |
| Долгорочни побарувања од купувачи | |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | 51.280 |
| Залихи | 23.951 |
| Побарувања од купувачи | 22.679 |
| Побарувања за дадени аванси | 131 |
| Останати тековни средства и АВР | 3.121 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 1.398 |
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | **54.582** |
| **ГЛАВНИНА** | 547 |
| Акционерски капитал | 307 |
| Резерви | |
| Добивка за деловната година | 242 |
| Акумулирана добивка | -3 |
| **НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | 17 |
| Долгорочни кредити | 0 |
| Одложени приходи | 17 |
| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | 54.019 |
| Обврски спрема добавувачи | 50.958 |
| Останати краткорочни обврски | 3.060 |
| **ВКУПНИ ОБВРСКИ** | 54.035 |

АУТОМАКЕДОНИЈА

ГРУПАЦИЈА

**ПРЕДЛОГ**

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот за работењето на Аутомакедонија АД Скопје за деловната 2025 година**

Врз основа на член 383. од Законот за трговските друштва, Собранието на акционерите на “Аутомакедонија” АД Скопје на одржаната XXIX -та седница одржана на ден 28.05.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот за работењето на**
**Аутомакедонија АД Скопје за деловната 2025 година**

Член 1

Се усвојува Годишниот извештај за работењето на “Аутомакедонија” АД Скопје за деловната 2025 година.

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Одлука бр. _________________/ 28.05.2026 година

**АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**
**СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**за работењето на Управниот одбор и Надзорниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје за 2025 година**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје**
**за деловната 2025 година**

Аутомакедонија АД Скопје има двостепен систем на управување, а го сочинуваат Управниот одбор составен од 5 (пет) членови и Надзорниот одбор составен од 5 (пет) членови. Во 2025 година членови на Управниот одбор се: Јане Јаневски – Претседател на Управниот одбор и членовите Милан Ивановски, Кастриот Арифи, Игор Илиевски – генерален директор.

Управниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје во 2025 година работеше на седници. Има одржано 5 седници на кои беа водени расправи и дискусии и беа донесени голем број одлуки и заклучоци за работење на Друштвото и тоа:

**1. Седница 11.03.2025 година**

Т.1 Донесување Одлука за одобрување за склучување на договори во својство на гарант-платец

**2. Седница 13.03.2025 година**

Т.1 Усвојување на резултати од пописот на имотот на Аутомакедонија АД Скопје со состојба на 31.12.2024 година

Т.2 Донесување Одлуки за давање согласност за усвојување на Извештајот за извршен попис на средства и обврски

**3. Седница 13.03.2025 година**

Т.1 Усвојување на завршна сметка од работењето на Аутомакедонија АД Скопје

Т.2 Донесување Одлуки за давање согласност за усвојување на завршна сметка од работењето на Друштвата

**4. Седница 28.04.2025 година**

Т.1. Разгледување Годишниот Извештај од работење на АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје во 2024 година со предлог одлука до Собранието на акционери на Аутомакедонија АД Скопје за усвојување на Годишниот Извештај

Т.2. Разгледување на предлог Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2024 година и доставување на истата до Собранието на акционери на Аутомакедонија АД Скопје за усвојување и донесување

Т.3. Донесување Одлука за одобрување на распределба на добивка за 2024 година на фирми основани од Аутомакедонија АД Скопје

Т.4. Разгледување на Извештајот од извршена контрола на завршната сметка на ревизорската куќа Мур Стивенс Доо Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2024 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2024 година со предлог одлука до Собранието на акционери на Аутомакедонија АД Скопје за усвојување и донесување

Т.5. Извештај на Службата за внатрешна ревизија во АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2024 година со предлог одлука до Собранието на акционери на Аутомакедонија АД Скопје за усвојување и донесување

Т.6. Разгледување на Извештајот за работата на Управниот одбор на АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2024 година со предлог одлука до Собранието на акционери на Аутомакедонија АД Скопје за усвојување и донесување

Т.7. Разгледување на предлог Одлука за Ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година и доставување на истата до Собранието на акционери на Аутомакедонија АД Скопје за усвојување

Т.8. Разгледување на предлог Одлука за одобрување на продажба на сопствени акции и доставување на истата до Собранието на акционери на Аутомакедонија АД Скопје за усвојување

Т.9 Разгледување на предлог Одлука за стекнување на сопствени акции со откуп и доставување на истата до Собранието на акционери на Аутомакедонија АД Скопје за усвојување

Т.10 Разгледување на предлог Одлука за продажба на имот на Аутомакедонија АД Скопје и доставување на истата до Собранието на акционери на Аутомакедонија АД Скопје за усвојување

Т.11. Закажување Годишно Собрание на акционерите на АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје со утврдување на Дневен ред за работа на Годишното Собрание

Т.12. Донесување Одлука за одобрување за склучување на договори во својство на гарант-платец

**5. Седница 29.12.2025 година**

Т.1 Донесување Одлуки за разрешување и именување на Управител и промена на овластени лица на подружница Друштвото за поправка на возила АУТОМАКЕДОНИЈА СЕРВИС ДООЕЛ Скопје

Т.2 Донесување Одлука за попис на средствата и обврските и формирање на комисии за пописи со состојба на 31.12.2025 година

Т.3 Донесување Одлуки за давање согласност за формирање на пописни комисии на поврзани Друштва

Т.4 Разгледување на Естимација на резултати за 2025 година на Аутомакедонија АД Скопје

Т.5 Донесување Одлука за усвојување на деловен план на Аутомакедонија АД Скопје за 2026 година

**Аутомакедонија АД Скопје**
**Претседател на Управен одбор**
**Јане Јаневски, с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје**
**за деловната 2025 година**

Согласно член 380 од Законот за трговските друштва и овластувањата утврдени во Статутот на Друштвото, Надзорниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје во тековната 2025 година вршеше надзор на работењето и управувањето во друштвото, преку седници чии точки на дневен ред беа во надлежност на Надзорниот одбор, определени со Закон, точки предложени од страна на Управниот одбор како информации за работењето и актуелните настани и состојби во Друштвото во извештајниот период. Надзорниот одбор вршеше надзор на законито и финансиско работење на Друшвото како и надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор на Друштвото.

Преку разгледување на одлуките, финансиските извештаи и предлозите донесувани од Управниот одбор, Надзорниот одбор вршеше контрола во сите сегменти од работењето на Друштвото.

Согласно Законот за трговските друштва еден месец пред одржување на Годишното собрание Надзорниот одбор на седницата ги разгледа материјалите по точките на дневниот ред и донесе одлуки кои се од проширена надлежност, точно прецизирана во Законот за трговските друштва: доставување на Извештајот од Внатрешниот ревизор и Планот за внатрешна ревизија за наредната година кои беа доставени до Собранието за донесување одлуки по истите.

Во извештајниот период Надзорниот одбор своите седници ги одржуваше дел по електронски пат и преку видео врска, а дел со физичко присуство.

Надзорниот одбор во 2025 година одржа 4 седници, на кои вршеше надзор врз управувањето со Друштвото од страна на Управниот одбор на Друштвото. За определени видови работи, утврдени во Статутот и во ЗТД, Надзорниот одбор даваше претходно одобрение за да може Управниот одбор за предметната работа да одлучува.

*Информација за разгледаните, одобрените работи и донесените одлуки во извештајниот период*

- Надзорниот Одбор ги разгледа резултатите од пописот со состојба на ден 31.12.2024 година. Ја разгледа завршната сметка за 2024 година на Аутомакедонија АД Скопје, донесе Одлука за усвојување на Извештајот за работењето за 2024 година и Годишниот план за 2025 година на Службата за внатрешна ревизија.
- Ги разгледа материјалите за работењето на Аутомакедонија АД Скопје за 2024 година, извештајот за извршената контрола на завршната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС – Скопје, ги разледа и ги прифати и сите други извештаи и предлог одлуки за работењето, предложени а усвоени на Годишното собрание на акционерите одржано на 30.05.2025 година.

Од претходно изнесеното и континуираното следење на финансиските резултати и работењето на Управниот одбор, Надзорниот одбор констатира дека Управниот одбор своите активности ги обавувал во рамките на своите надлежности, согласно законските прописи, Статутот и други акти на Друштвото. Во континуитет е следена ликвидноста и економски

стабилната состојба на Друштвото за целиот претходен период. Тоа се потврдува и од остварените позитивни финансиските резултати и од бонитетот на фирмата.

Работењето на Надзорниот одбор во текот на 2025 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговските друштва и Статутот на Аутомакедонија АД Скопје.

На основа погоре изнесеното Надзорниот одбор му предлага на Собранието на акционерите на "Аутомакедонија" да го усвои предложениот Извештај и да ја одобри работата на Надзорниот одбор.

**Аутомакедонија АД Скопје**
**Претседател на Надзорен одбор**
**Панче Нефтенов, с.р.**

**ПРЕДЛОГ**

# О Д Л У К И
## за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје за 2025 година

Врз основа на член 383. од Законот за трговските друштва, Собранието на акционерите на “Аутомакедонија” АД Скопје на одржаната XXIX -та седница одржана на ден 28.05.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на “Аутомакедонија” А.Д. Скопје за 2025 година**

Член 1.

Се одобрува работата на членовите на Управниот одбор на “Аутомакедонија” АД Скопје за 2025 година.

Член 2.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Одлука бр. _________________/ 28.05.2026 година

**“АУТОМАКЕДОНИЈА” АД СКОПЈЕ**
**СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

Врз основа на член 383. од Законот за трговските друштва, Собранието на акционерите на “Аутомакедонија” АД Скопје на одржаната XXIX -та седница одржана на ден 28.05.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на “Аутомакедонија” А.Д. Скопје за 2025 година**

Член 1.

Се одобрува работата на членовите на Надзорниот одбор на “Аутомакедонија” АД Скопје за 2025 година.

Член 2.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Одлука бр. _________________/ 28.05.2026 година

**“АУТОМАКЕДОНИЈА” АД СКОПЈЕ**
**СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

АУТОМАКЕДОНИЈА

# И З В Е Ш Т А Ј
# за работата на Внатрешната ревизија за 2025 година
# и План за 2026 година

# АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2025 ГОД.

**јануари, 2026**

**Содржина**


1. Вовед
2. Преглед на извршени ревизии во текот на 2025
3. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола
4. Наоди, предложени мерки и нивно спроведување
5. Останати активности на внатрешната ревизија

## 1.ВОВЕД

Врз основа на член 415в од Законот за трговски друштва, Службата за внатрешна ревизија изготви годишен извештај за своето работење во текот на 2025 година и го достави на разгледување и одобрување на Надзорниот одбор на Друштвото. Службата за внатрешна ревизија има основна цел да обезбеди независно и објективно мислење до Надзорниот и Управниот одбор за ризиците кои произлегуваат од клучните области во работењето.

Во текот на извршување на своите активности, Службата за внатрешна ревизија, тежнееше да обезбеди објективна независна оценка на адекватноста на внатрешните контроли. Со тоа би се постигнало ефикасно извршување на работните процеси и истите да се во согласност со интерните политики, процедури и законска регулатива како и со целите на деловната политика на Друштвото.

Извештајот за работењето на Внатрешната ревизија согласно одредбите во споменатите акти ги содржи следните информации:

- Преглед на извршени ревизии во текот на 2025;
- Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- Наоди, предложени мерки и нивно спроведување;
- Останати активности на внатрешната ревизија во текот на периодот за кој се однесува овој извештај;

## 2. Преглед на извршени ревизии во текот на 2025 година

Во текот на изминатата година, Службата за внатрешна ревизија ги реализираше активностите согласно планот за работењето на внатрешната ревизија за 2025 година, која се базираше на оценка на степенот на ризичност, значење на областа која се ревидира, како и промените што се извршени во самите работни процеси.

При тоа настојуваше да бидат контролирани сите организациски делови (сектори, служби и работни места –извршители) и работни процеси кои беа опфатени во годишниот план.

Ревизиите беа извршени преку имплементација на интерното упатство и процедурите усогласени со стандардите за професионална примена на внатрешната ревизија.

Како појдовна точка за работењето на интерната ревизија за 2025 година беше усвојување на годишниот план за работа од страна на Надзорниот одбор. Исто така во првиот кваратал од страна на интерниот ревизор беше доставено барање до сите секторски раководители да ги достават своите пишани процедури кои преставуваат појдовна основа за работа на внатрешната ревизија. Во третиот квартал беше изработен полугодишен извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија и истиот беше усвоен од страна на Управниот и Надзорниот одбор.

Во периодот Јануари-Декември 2025 година реализирани се следните ревизии по оделни области за работењето на Друштвото:

**Преглед на извршени ревизии во текот на 2025 година**

| Ред Бр. | Реализирани интерни ревизии за 2025 | Период во 2025 |
|---|---|---|
| 1 | Бизнис план | Јануари |
| 2 | Конфирмации на салда | Јануари |
| 3 | Тест конфирмации од добавувачи | Јануари |
| 4 | Тест конфирмации од купувачи | Јануари |
| 5 | Процедура за управување со записи | Јануари |
| 6 | Процедура за следење на законски прописи | Јануари |
| 7 | Процедура за воспоставување на општи и посебни цели и програми | Јануари |
| 8 | Процедура за планирање | Јануари |
| 9 | Процедура за преиспитување | Јануари |
| 10 | Процедура за сервисирање на возила | Јануари |
| 11 | Процес реализација | Јануари |
| 12 | Процедура за продажба | Февруари |
| 13 | Продажба на сервисни услуги | Февруари |
| 14 | Тестирање на Цени | Февруари |
| 15 | Процедура за планирање и развој на нова услуга | Февруари |
| 16 | Процедура за комуникација | Февруари |
| 17 | Процедура за управување со мерна и контролна опрема | Февруари |
| 18 | Процедура за мерење, анализа и подобрување | Февруари/Март |
| 19 | Процедура за спроведување на интерни проверки | Февруари/Март |
| 20 | Процедура за управување со неусогласености | Февруари/Март |
| 21 | Процедура за спроведување на корективни мерки | Февруари/Март |
| 22 | Процедура за спроведување на превентивни мерки | Февруари/Март |
| 23 | Процедура за оценка на ризици и управување | Февруари/Март |
| 24 | Тестирање на одобрени попусти | Март |
| 25 | Тестирање на технички преглед АМ ЦЕРТ | Март |

| | | |
|---|---|---|
| 26 | Тестирање на тендерски постапки | Март |
| 27 | Процедура за склучување на договори | Април |
| 28 | Процедура за службени патувања | Април |
| 29 | Тестирање на користење на службени автомобили и приватни автомобили за службени цели | Април |
| 30 | Процедура за службени мобилни телефони | Април |
| 31 | Процедура за репрезентација, спонзорство, корпоративни активности, деловно гостопримство | Април/Мај |
| 32 | Процедура за иницирање и одобрување на маркетинг и комерцијални трошоци за сите пазари | Април/Мај |
| 33 | Процедура за нормирање на крш/растур | Април/Мај |
| 34 | Кредитна политика | Април/Мај |
| 35 | Постапка за тек на влезни финансиски документи | Мај/ Јуни |
| 36 | Постапка за контрола и верификација на излезни фактури | Мај/ Јуни |
| 37 | Тестирање на спроведување на денарски и девизни налози за плаќање во банки | Мај/ Јуни |
| 38 | Ревизија на организациската структура | Мај/ Јуни |
| 39 | Тест процес на набавки | Јули/Август/Септември |
| 40 | Тест класа 4 (трошоци) | Јули/Август/Септември |
| 41 | Тест класа 3 (набавка на материјали) | Јули/Август/Септември |
| 42 | Тест класа 0 (основни средства) | Јули/Август/Септември |
| 43 | Подобрување на набавки на резервни делови | Јули/Август/Септември |
| 44 | Тестирање на ценовници | Јули/Август/Септември |
| 45 | Ревизија на сестрински фирми (АМ ЦЕРТ) и (АМ Брокер) | Јули/Август/Септември |
| 46 | Процедура за маркетинг | Јули/Август/Септември |
| 47 | Процедура за набавка | Јули/Август/Септември |
| 48 | Сметководство | Октомври |
| 49 | Тест на книжење по организациски единици | Октомври |
| 50 | Тестирање на архива | Октомври |
| 51 | Тестирање на осигурувања | Октомври |
| 52 | Процедура за управување и контрола, разгледување на несреќи, | Октомври |

| | | |
|---|---|---|
| | мониторинг | |
| 53 | Процедура за управување со отпад | Октомври |
| 54 | Процедура за планирање и постапување на случај на незгода или вонредна состојба | Октомври |
| 55 | Процедура за одржување на опрема, средства, објекти и инсталации | Октомври |
| 56 | Процедура за управување со документацијата | Октомври/Ноември |
| 57 | Процедура за обука на кадри | Октомври/Ноември |
| 58 | Процедура за идентификација и утврдување на значајни аспекти и проценка на ризикот при работа | Октомври/Ноември |
| 59 | Процедура за пратење и мерење | Октомври/Ноември |
| 60 | Тест парични сретства | Октомври/Ноември |
| 61 | Тест ДДВ | Октомври/Ноември |
| 62 | Тест кредити депозити и лизинг | Октомври/Ноември |
| 63 | Тест процес залихи | Октомври/Ноември |
| 64 | Тестирање пописи на залихи | Ноември/Декември |
| 65 | Тестирање на старостна структура на залихи | Ноември/Декември |
| 66 | Тестирање отпис на залихи во процес на сервис | Ноември/Декември |
| 67 | Тестирање на магацинското работење | Ноември/Декември |
| 68 | Тест процес плати | Ноември/Декември |
| 69 | Процедура за евиденција на работно време и отсуства | Ноември/Декември |
| 70 | ИТ Ревизија | Ноември/Декември |
| 71 | Тестирање на сите упатства и образци кои се однесуваат на овие процедури и записи | Ноември/Декември |

Извештаите за извршените ревизии заедно со акционите планови се доставуваат до Управниот одбор, Надзорниот одбор и до раководителите на секторите во кој се врши ревизија. Акционите планови се од интерен оперативен карактер и во нив детално се изнесени идентификуваните слабости – наоди, препораки , рокови, одговорни лица за имплементација на дадените препораки. Истите и служат на Службата за внатрешна ревизија во постапките за редовна проверка на статусот за имплементација на препораките во соработка со надлежните организациони единици.

### 3. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола

Внатрешната контрола е континуиран процес кој се изведува во сите нивоа во Друштвото од страна на раководните тела, менаџментот  и сите вработени и е дизајнирана да обезбеди рационално осигурување за остварување на следните цели:

- Ефикасен мониторинг и контрола на ризиците поврзани со активностите;
- Заштита на вредноста на средствата т.е. максимизирање на вредноста на Друштвото
- Подготовка на точни финасиски извештаи
- Пораст на ефикасноста на активностите
- Усогласеност на интерните политики на Друштвото со законот и регулативата

Во проценката на адекватноста и ефикасноста на внатрешните контролни системи во ревидираните процеси и активности во 2025 година, Внатрешната ревизија ги заснова своите активности на најзначајните компоненти и цели на системите за внатрешна контрола :

- Дали ревидираните процеси и активности се регулирани со внатрешни политики и процедури и дали истите се усогласени со регулативата и со стнадардите на Друштвото
- Дали е воспоставена правилна поделба на овластувања и одговорности во рамки на процесите и активностите кои беа предмет на ревизија
- Дали има ефикасен систем на комуникација на различни нивоа за да се осигура разбирањето и соодветната апликација на политиките и процеурите во секојдневните активности
- Дали процесите и активностите се адекватно подржани од информатичкиот систем на Друштвото
- Дали системските контроли во апликативните решенија се доволно сигурни и безбедни со цел да се спречат намерни и ненамерни грешки и доволно ефикасни за да ги минимизираат ризиците од работењето
- Дали системот на интерна контрола во Друштвото овозможува препознвање и проценка на значајните ризици на кои е изложено Друштвот

**Мислење:**

Внатрешната ревизија го потврдува стекнатото разумно убедување дека интерниот контролен систем на Друштвото е во најголем дел адекватно имплементиран во насока на минимизирање на значајните материјални ризици и ефикасно и доследно се врши спроведување на законската регулатива и процедурите на Друштвото. Ова мислење се издава врз основа на извршените поединечни ревизии во текот на 2025 година, од изведените ревизорски докази врз основа на контрола на репрезентативен примерок на ревидираниот материјал, избран по случаен избор од сите ревидирани процеси. Идентификуваните наоди/препораки  се прифатени од Управниот одбор и менаџментот и во тек е нивна имплементација . Службата за внатрешна ревизија ја следи имплементацијата на дадените препораки.

**4. Наоди, предложени мерки и нивно спроведување**

Наодите, препораките и статусот беа детално презентирани во извештаите на Внатрешната ревизија кои во текот на годината беа редовно доставувани и разгледувани од страна на Надзорниот Одбор на Друштвото и истите беа прифатени. Исто така согласно усвоените процедури, Службата за внатрешна ревизија редовно ја следеше имплементацијата на предложените препораки и согласно добиените одговори редовно ги известуваше наведените органи на Друштвото. Сознанијата со кои се здоби Внатрешната ревизија како резултат на следење на реализацијата на дадените препораки генерално укажуваат дека препораките се почитуваат, а за дел имплементацијата е во тек. Во однос на доставување на одговор за реализација на препораките предложени во извештаите издадени во текот на оваа година забележано е незначително задоцнување.

**5. Останати активности на внатрешната ревизија**

- Консултанстски активности

Во текот на 2025 година Службата за внатрешна ревизија беше ангажирана во давање на независни и објективни мислења за одредени прашања на раководните лица и на вработените во Друштвото. Службата за внатрешна ревизија исто така изработи акционен план, работни листови, прашалници за секоја ревизија поединечно покрај ова вршеше мониторинг на измените на законските прописи. Исто така службата имаше соработка со консултанти од кои беа добивани насоки по одредени стручни прашања.

- Едукација и обука

Во периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 интерниот ревизор како член на Институтот за интерни ревизори, посетуваше семинири за континуирана обука организирани од Институтот на интерни ревизори на РМ во соработка со професионални домашни и странски институции. Покрај ова остварена е посета на Меѓународна конференција која исто така беше организирана од институтот за интерни ревизори.

- Годишен план 2025

Во текот на декември 2024 година беше изготвен планот за 2025 година кој подоцна е одобрен од Надзорниот одбор на Друштвото.

# АУТОМАКЕДОНИЈА АД - Скопје
# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РЕВИЗИЈА 2026 ГОДИНА

декември, 2025 година

Листа на дистрибуција
1. Надзорен одбор
2. Управен одбор
3. Служба за внатрешна ревизија

**Содржина:**


**1 ВОВЕД**

1.1 Потреба од планирање на делокругот на работа на интерната ревизија

1.2 Целта на внатрешната ревизија

1.3 Проценка на ризици

1.4 Резиме на планот за ревизија за 2026

**2 ДЕТАЛЕН ПЛАН ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2026**

2.1 Алокација на расположливите работни денови

2.2 Ревизорски план за 2026 година

**3 ПОЛУГОДИШЕН И ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА**

## 1. ВОВЕД

### *1.1. Потреба од планирање на делокругот на работа на интерната ревизија*

Целта на овој документ е да обезбеди информации околу делокругот на работа на Службата за внатрешна ревизија за идните оперативни и консултантски активности за 2026 година.

Планирањето е важен елемент за ефикасно менаџирање со активностите на внатрешната ревизија, заради утврдување на приоритетните подрачја за работа како и заради подобрување на самите активности на интерна ревизија.

Меѓународните стандарди за Интерна ревизија како и локалните прописи за извршување на интерната ревизија бараат да бидат дефинирани активностите во годишен ревизорски план, кој се базира на систем на проценка на ризици.

Процесите кои ќе бидат предмет на работа на интерната ревизија во наредната 2026 година се класифицирани според  степенот ризичност, со цел да се овозможи покриеност на клучните и најзначајните процеси на Друштвото.




***Целта на внатрешната ревизија***

Службата за внатрешна ревизија на Аутомакедонија АД – Скопје е задолжена со задачата да му обезбеди на Управниот и Надзорниот Одбор на Друштвото сигурност дека средствата на Друштвото, интерните и екстерните извештаи како и воспоставените политики и процедури на

Друштвото се во согласност со важечките прописи, актите и интересите на Друштвото и истите се применуваат во пракса.

Интерната ревизија на Аутомакедонија АД – Скопје тоа ќе го изврши преку

1) Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола
2) Оценка на спроведувањето на политиките за управување со ризиците
3) Оценка на поставеноста на информативниот систем
4) Оценка на точноста и веродостојноста на трговските книги и финансиски извештаи А) аналитички постапки преку кои ќе се утврдат поголемите отстапувања и варијации во тековниот во однос на претходниот период и нивно натамошно тестирање (документираност, усогласеност со МСФИ и даночна регулатива како и нивно финансиско евидентирање)

   Б) конфирмирање на редовна основа (купувачи, добавувачи, банки)

   В) континуирано следење на промените во законската регулатива и МСФИ со цел на нивно соодветно применување и информирање на соодветните сектори
5) Проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно прописите
6) Следење на почитувањето на прописите, етичкиот кодекс, политиките и процедурите.

### *1.2. Проценка на ризици*

Аутомакедонија АД – Скопје е изложена на подолу наведените ризици кои ќе бидат предмет на анализа на внатрешната ревизја на Аутомакедонија АД – Скопје:

-Ризик од промена на курсевите

Друштвото влегува во трансакции во странска валута кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во Република Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик.

-Ризик од промена на цените

Друштвото е изложено на ризик од промените на цените на вложувањата расположливи за продажба и истиот е надвор од контрола на Друштвото.

-Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик кога неговите купувачи нема да бидат во можност да ги исполанат своите обврски за плаќање.

-Каматен ризик

Со оглед на тоа дека друштвото има користено кредити договорени со варијабилни каматни стапки може да се каже дека постои изложеност кон каматен ризик (ризик од промена на каматните стапки). Друштвото нема начин истиот да го намали, но тој зависи од движењата на финансиските пазари.

-Ликвидносен ризик

Ликвидносниот ризик постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства да ги плаќа обврските кон своите доверители.

-Даночен ризик

Согласно законските прописи на РМ, финансиските извештаи и сметководствените евиденции на Друштвото подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесувањето на даночните извештаи за годината.

### 1.3. *Резиме на планот за ревизија за 2026*

Приложениот план за ревизија е фокусиран на испитување на главните процеси кои се одвиваат во Друштвото и преку нив испитување на клучните ризици со кои се соочува Друштвото. Тоа се процесот на набавки на материјали и набавки на основни средства; процесот на чување, складирање и работење со залихите; процесот на реализација (продажба); процесот на плати; маркетинг одобренија и буџети и останато.

## 2. ДЕТАЛЕН ПЛАН ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2026

### *2.1 Алокација на расположливите работни денови*

| ***Расположливи денови*** | |
|---|---|
| Денови во година | 365 |
| Недели (ден недела) | 52 |
| Државни празници | 11 |
| **Вкупно** | 302 |

**Табела 1. Проценка на расположливи денови**

Дистрибуција на расположливите денови за секоја категорија е приложена подоле

| ***АКТИВНОСТ*** | ***Денови*** |
|---|---|
| *Административни активности*:<br>-лични одсуства<br>-административна подршка | 20 |
| *Оперативни активности*:<br>-лична обука<br>-методологија за внатрешна ревизија<br>-подршка на надворешната ревизија<br>-состаноци<br>-активности со други служби | 64 |
| *Консултантски активности*:<br>-присуство на состаноци на раководството<br>-консултантска работа за извршното раководство<br>-општа (ad-hoc) консултантска работа | 55 |
| *Ревизорски активности*:<br>-планирани проекти<br>-Ad-hoc Специјални активности<br>-проценка на ризици<br>-Follow-up ревизорска работа<br>-Оценка на контроли<br>-продолжување на проекти од 2025 година | 163 |
| **ВКУПНО** | 302 |

**Табела 2. Алокација на расположливите денови**

Треба да се напомене дека продуктивното време за ревизија се однесува на времето од кое се исклучени личните одсуства (како дел од административните активности)

***2.2 Ревизорски план за 2026 година***

Распоредувањето на расположливото време по подрачја за ревизија е приложено подолу во табелата

| Подрачје за ревизија | Процес набавки – материјали и основни средства | Процес Залихи | Процес Реализација | Процес Плати | Процес Маркетинг | Останато | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| **Вкупно расположливо време** | **32** | **31** | **28** | **18** | **11** | **43** | **163** |
| **Follow-up ревизија** | 5 | 5 | 5 | 3 | 2 | 5 | 25 |
| **Вкупно ревизорска работа** | 27 | 26 | 23 | 15 | 9 | 38 | 138 |

**Табела 3. Распоредување на расположливото време за ревизија по подрачја**

а) **Ревизорко подрачје – процес набавки**

Цел на ревизијата кај процесот набавки е да се потврди дека се воспоставени контроли во процесот на набавки со цел да се обезбеди оптимално користење на ресурсите и да се спречат загуби на средства заради непотребни и недозволени набавки, односно дали постојат механизми за контрола и спречување на непотребни и неавторизирани набавки пред тие да се случат.

Да се потврди дека се воспоставени контроли во процесот на прием на материјали и стоки/услуги со цел да се обезбеди дека само дозволени/одобрени порачки се примени, како и дека примените материјали/стоки се соодветно заштитени и чувани со цел да се спречи загуба на средствата, а кај услугите дека се извршени согласно договорените услови.

Да се потврди дека се воспоставени контроли во процесот на евиденција и плаќање на обрски кон добавувачите со цел да се обезбеди дека фактури се плаќаат само за дозволени/одобрени порачки, како и дека салдото на обврските кон добавувачите во финансиските извештаи точно ги претставува вкупните обврски во правилниот период на известување.

б) **Ревизорско подрачје – процес на чување на залихи**

Целта на ревизијата кај ова подрачје е да се опфатат следниве деловни процеси:

- Прием на готови производи;

- Издавање на готови производи;
- Складирање на готови производи;
- Планирање и контрола на сервисирањето;
- Утврдување и евиденција на цена на чинење;
- Дефектни производи и шкарт;
- Рекламација од купувачите;
- Испорака на готови производи;
- Готови производи – цена на чинење;
- Поделба на должностите и пристап до системите (заштита со лозинки)
- Сметководствено евидентирање на претходно наведените процеси
- Контрола на книжењата (одобрување на налозите за книжење од лица на повисоко ниво)
- Начин на вршење на попис на залихи (тип на попис, упатства, пописни комисии).

**в) Ревизорско подрачје – процес реализација**

Цел на ревизијата во процес реализација е да се потврди дека се воспоставени контроли во процесот на реализација кои обезбедуваат дека се донесени правилни одлуки за кредитирање на купувачите, како и дека се извршува мониторинг на сметките на побарувања од купувачите со цел да се спречат загуби на средства и грешки во финансиските извештаи.

Да се потврди дека се воспоставени контроли во процесот на реализација кои обезбедуваат дека правилно се постапува по рекламациите од купувачите.

Да се потврди дека се воспоставени контроли во процесот на евиденција и наплата на побарувања од купувачите кои обезбедуваат дека сите нарачки кои се испорачани се фактурирани по правилни цени, како и дека салдото на побарувања од купувачите во финансиските извештаи точно ги претставува вкупните побарувања во правилниот период на известување.

**г) Ревизорско подрачје – пресметка на плати и надоместоци од плати**

Целта на ревизијата кај ова подрачје е да се опфатат следниве деловни процеси:

- Евиденција на работно време
- Пресметка на плата и сметковоствена евиденција
- Додатоци и одбитоци од плата
- Исплата на плата
- Поделба на должностите и пристап до системите

**д) Ревизорско подрачје – Процес маркетинг**

Улогата на внатрешната ревизија во маркетинг процесот е: да обезбеди дека маркетинг активностите се планирани, контролирани и оправдани, да оцени дали средствата се користат ефикасно и економично, да обезбеди усогласеност со законите и интерните политики и да помогне во подобрување на стратегиското одлучување преку анализа на резултатите.

## 3. ПОЛУГОДИШЕН И ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

Службата за внатрешна ревизија е должна да го достави извештајот до Надзорниот и Управниот одбор на Аутомакедонија. По усвојувањето на извештајот, Надзорниот одбор е обврзан согласно со законот за трговски друштва истиот да го достави на разглдување до Собранието на Друштвото.

Полугодишниот и годишниот извештај содржат:

- Опис на извршените ревизии на работењето на друштвото
- Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешена контрола
- Наоди и предложени мерки на Службата за внатрешна ревизија
- Оцена на спроведувањето на мерките предложени од страна на Службата за внатрешена ревизија

Годишниот извештај содржи и:

- Оцена на реализација на поставените цели со годишниот план за работа
- Оцена за планираното време за контрола и евентуално отстапување
- Информации за извршени други активности

**ПРЕДЛОГ**

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот за работењето на Внатрешната ревизија за деловната 2025 година и усвојување на Планот за внатрешна ревизија за 2026**

Врз основа на член 383. од Законот за трговските друштва, Собранието на акционерите на "Аутомакедонија" АД Скопје на одржаната XXIX -та седница одржана на ден 28.05.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот за работењето на Внатрешната ревизија за деловната 2025 година и усвојување на Планот за внатрешна ревизија за 2026 година**

Член 1.

Се усвојува Извештајот за работењето на Внатрешната ревизија за деловната 2025 година.

Се усвојува Планот за внатрешна ревизија за 2026 година.

Член 2.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Одлука бр. _________________/ 28.05.2026 година

**"АУТОМАКЕДОНИЈА" АД СКОПЈЕ**
**СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

**ПРЕДЛОГ**

# О Д Л У К А
# за именување на ревизор на Годишната сметка на Аутомакедонија АД Скопје и ревизор за консолидираната годишна сметка за тековната 2026 година

Врз основа на член 479. од Законот за трговски друштва и член 27. од Статутот на “Аутомакедонија” АД Скопје, Собранието на акционерите на “Аутомакедонија” АД Скопје на XXIX -та седница одржана на ден 28.05.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за именување на ревизор на Годишната сметка на Аутомакедонија АД Скопје и ревизор за консолидираната годишна сметка за тековната 2026 година**

Член 1.

За ревизор на Годишната сметка на “Аутомакедонија” АД Скопје за тековната 2026 година се именува МУР СТИВЕНС ДОО Скопје.

Член 2.

За ревизор на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за тековната 2026 година се именува МУР СТИВЕНС ДОО Скопје.

Член 3.

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Одлука бр. _________________/ 28.05.2026 година

**“АУТОМАКЕДОНИЈА” АД СКОПЈЕ**
**СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

# ПРЕДЛОГ

# О Д Л У К А
## за одобрување на продажба на сопствени акции

Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва и член 25 од Законот за хартии од вредност, Собранието на акционерите на Аутомакедонија АД Скопје на XXIX -та седница одржана на ден 28.05.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за одобрување за продавање на сопствени акции**

Член 1.

Собранието на Аутомакедонија АД Скопје одобрува продавање на 4980 акции во вкупна номинална вредност од 13.645.200,00 денари.

Член 2.

Номиналната вредност на една акција изнесува 2.740,00 денари. Продажбата на сопствени акции ќе се врши најмалку по просечна пазарна цена на акциите постигната на овластена берза во последните три месеци пред донесување на одлуката за продажба на сопствени акции.

Член 3.

Сопствените акции Аутомакедонија АД Скопје ќе ги продава на начин и постапка предвидени со одредбите од Законот за хартии од вредност на Р. Македонија.

Член 4.

Собранието на акционерите на Аутомакедонија АД Скопје го овластува Управниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје да го утврди начинот на продажба и продажната цена на акциите.

Член 5.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Одлука бр. _________________/ 28.05.2026 година

**“АУТОМАКЕДОНИЈА” АД СКОПЈЕ**
**СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## кон предлог Одлуката за одобрување за продавање на сопствени акции

Како што Ви е познато, Собранието на акционери на Аутомакедонија АД Скопје, во неколку наврати носи одлуки за продажба на сопствените акции, кои Друштвото ги стекна заради заштита на пазарната вредност на акциите и заштита на Друштвото од значителни штети доколку не се откупеа акции во сопственост на Аутомакедонија.

Аутомакедонија повторно доставува предлог одлука за продажба на сопствените акции, заради обезбедување на финансиски средства кои би се искористиле како дополнителен извор на приходи во работењето на Друштвото,  што би резултирало со оплодување на капиталот на Друштвото.

Во Република Македонија начинот на стекнување и продавање на сопствени акции е регулиран со Законот за трговските друштва и Законот за хартии од вредност.

Продавањето на сопствените акции го одобрува Собранието на друшвото со донесување на Одлука.

Согласно напред наведеното предлагаме Собранието на акционерите на Аутомакедонија АД Скопје да ја донесе предложената Одлука.